# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКИ - ЗЕЛЕНИ ЗОНИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за индустриски – зелени зони ("Службен весник на Република Македонија" број 119/13, и 160/14), членот 40 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице – оператор на зоната ако не достави извештај за работењето на зоната во форма, содржина и рок согласно со членот 36 ставови (1) и (7) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице – оператор на зоната ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член."

**Член 2**

Членот 41 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице – сопственик на дел од зона и сопственикот на цела зона кој ќе врши дејност во зоната ако не достави извештај за работењето на зоната во форма, содржина и рок согласно со членот 38 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице – сопственик на дел од зона и сопственик на цела зона ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице – сопственик на дел од зона и сопственик на цела зона за дејствието од ставот 1 на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - сопственик на дел од зона или сопственик на цела зона за дејствието од ставот (1) на овој член."

**Член 3**

По членот 42 се додава нов член 42-а, кој гласи:

**"Член 42-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице-оператор на зоната, правното лице – сопственик на дел од зона и сопственикот на цела зона се врши согласно со Законот за прекршоците."

**Член 4**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за индустриските – зелени зони.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".